**Известување за концентрација со која ВИНЦИ Енерџис С.А., Франција стекнува единствена контрола над друштвата Аманокс Солушнс АГ, Швајцарија, C&T Албанија СХ.п.к. (S&T Albania SH.p.k.), Албанија, C&T Србија Претпријатие за информатички инженеринг и застапување ДОО Белград, Србија, Хамкос ИТ Сервис ГмбХ, Германија, C&T Дојчланд ГмбХ, Германија, C&T Молд срл., Молдавија, СИТИКОМП Сервис ГмбХ, Германија и C&T ЦЕЕ Холдинг с.р.о., Словачка. (предмет бр. 08-128/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.09.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото ВИНЦИ ЕНЕРЏИС, со регистрирано седиште на 2169 Булевар де ла Дефанс 92000 Нантер, Франција стекнува единствена контрола над друштвата Аманокс Солушнс АГ, со регистрирано седиште на Дамвег 9, 3013 Берн, Швајцарија; C&T Албанија СХ.п.к., со регистрирано седиште на ул. Ибрахим Ругова, зграда 70, влез 5, стан бр.1, 1019, Административна единица бр.5, Тирана, Албанија; C&T Србија Претпријатие за информатички инженеринг и застапување ДОО Белград, со регистрирано седиште на ул. Ѓорѓа Станојевиќа 14, Белград, Србија; Хамкос ИТ Сервис ГмбХ, со регистрирано седиште на Марие-Цурие-Штрасе 16, 72488 Зигмаринген, Германија; C&T Дојчланд ГмбХ, со регистрирано седиште на Ам Флугплатз 35, 56743 Мендиг, Германија; C&T Молд Д.О.О., со регистрирано седиште на ул. Калеа Иешилор 8, MD-2069 Кишињев, Република Молдавија; СИТИКОМП Сервис ГмбХ, со регистрирано седиште на Елли-Бајнхорн-Штрасе 11, 73760, Остфилдерн, Германија и C&T ЦЕЕ Холдинг с.р.о., со регистрирано седиште на Млинске Ниви 71, 821 05 Братислава, Република Словачка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Концентрацијата се однесува на стекнување единствена контрола преку купопродажба на 100 % од уделите од страна на друштвото **ВИНЦИ ЕНЕРЏИС**, со регистрирано седиште на 2169 Булевар де ла Дефанс 92000 Нантер, Франција, над друштвата **Аманокс Солушнс АГ**, со регистрирано седиште на Дамвег 9, 3013 Берн, Швајцарија; **C&T Албанија СХ.п.к.**, со регистрирано седиште на ул. Ибрахим Ругова, зграда 70, влез 5, стан бр.1, 1019, Административна единица бр.5, Тирана, Албанија; **C&T Србија Претпријатие за информатички инженеринг и застапување ДОО Белград**, со регистрирано седиште на ул. Ѓорѓа Станојевиќа 14, Белград, Србија; **Хамкос ИТ Сервис ГмбХ**, со регистрирано седиште на Марие-Цурие-Штрасе 16, 72488 Зигмаринген, Германија; **C&T Дојчланд ГмбХ**, со регистрирано седиште на Ам Флугплатз 35, 56743 Мендиг, Германија; **C&T Молд Д.О.О.**,

со регистрирано седиште на ул. Калеа Иешилор 8, MD-2069 Кишињев, Република Молдавија; **СИТИКОМП Сервис ГмбХ**, со регистрирано седиште на Елли-Бајнхорн-Штрасе 11, 73760, Остфилдерн, Германија и **C&T ЦЕЕ Холдинг с.р.о.**, со регистрирано седиште на МлинскеНиви 71, 821 05 Братислава, Република Словачка (заеднички „**Целните друштва**“).

**ВИНЦИ ЕНЕРЏИС** е дел од ВИНЦИ Групата на друштва (,,ВИНЦИ Групата”).

ВИНЦИ Групата е глобална организација активна во концесии, енергија и градежништво. Крајното владејачко матично друштво на ВИНЦИ Енерџис е ВИНЦИ С.А., со адреса на 1973 Булевар де ла Дефанс, ЦС 10268 Нантер Цедекс - Франција.

ВИНЦИ ЕНЕРЏИС и Кобра ИС, друго зависно друштво на ВИНЦИ С.А. со фокус на проекти од областа на инженерство, јавни набавки и градежништво, ги сочинуваат активностите на ВИНЦИ Групата поврзани со енергетската и транспортната инфраструктура, во континуираното подобрување на индустриските перформанси и во одржувањето и работењето на градби, како и во комуникациската инфраструктура и ИТ услугите. ВИНЦИ ЕНЕРЏИС е активно преку неговите главни глобални мрежни брендови Actemium, Axians, Omexom и преку други главно локални брендови за развивање на решенија од градежништвото. Од тие брендови, само мрежата на друштва Axians обезбедува ИТ услуги како што се cloud и инфраструктури на центри за податоци, мрежи на претпријатија, дигитален работен простор, деловни апликации и аналитика на податоци и сајбер безбедност.

ВИНЦИ ЕНЕРЏИС нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

**Целните друштва** се активни во обезбедување на ИТ услуги. Целните друштва се првенствено активни во понудата на консултантски услуги за ИТ инфраструктура како што се центри за податоци и cloud услуги (на пр., виртуелизација на домови и инфраструктура или апликации и модуларно управување со деловните процеси) и концепцијата на приспособена ИТ мрежа и безбедносни концепти за на лице место и cloud инфраструктура.

Целните друштва исто така нудат имплементација, интеграција и снабдување на:

- ИТ инфраструктура, како што се центри за податоци и cloud услуги, мрежни и безбедносни решенија (на пр. имплементација на приспособена ИТ мрежа и безбедносни концепти за инфраструктури на лице место и cloud), како и решенија за управување со работното место (на пр. ИТ аутсорсинг, услуги за помош, операции на апликации и унифицирани комуникации);
- софтверски апликации и решенија, како што се ERP (Enterprise Resource Planning)

решенија (на пр. SAP, Oracle или Infor), апликативен софтвер (на пр. CRM (Customer Relationship Management) или BI (Business Intelligence) софтвер), развој на софтвер и други дополнителни услуги и производи (на пр. POS (Point of Sale или Продажно место) системи, дигитални знаци или управување со ИТ услуги).

Едно од Целните друштва има зависно друштво во Република Северна Македонија - Друштво за информациски решенија и услуги СиТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Анкарска 31, Скопје, Република Северна Македонија. Примарна регистрирана дејност на СиТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на услуги на информатичка технологија (IT).

По однос на **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага дефиницијата на релевантниот географски пазар да се остави отворена.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

03.10.2022 година, Скопје